РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-687/4
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-вата седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-687/1 од 06.02.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за коруптивно делување, злоупотреба на службената положба и нарушување на угледот на државната администрација од страна на градоначалникот на /// ///, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Државниот управен инспекторат.

Предметот со број 12-687/1 од 06.02.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 06.02.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за коруптивно делување, злоупотреба на службената положба и нарушување на угледот на државната администрација од страна на градоначалникот на /// ///, и оформен е предмет број 12-687/1 од 06.02.2026 година

Наводите во пријавата се однесуваат на околности во кои градоначалникот на /// ///, со несклучување на договори за вработување по донесена одлука за избор во спроведена постапка за вработување по јавен оглас бр./// година, незаконски постапил и наводно го попречил вработувањето на 21 лице во администрацијата на ///.

Според наведеното во пријавата, за намерата во попречувањето на постапката градоначалникот се произнел јавно во два наврати – на ///-та седница на Советот на

/// одржана на /// година и преку јавна објава од /// година на официјален профил на социјална мрежа.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот управен инспекторат.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По пријава од истиот подносител со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до ДКСК постапил Државниот управен инспекторат. По обезбедување на списи, на ден /// година бил извршен вонреден инспекциски надзор над постапката по јавниот оглас број /// на ///, односно на донесувањето на одлука број /// од /// година, за избор на извршител на работното место /// во Одделението за /// во Секторот за /// при што од страна на градоначалникот на /// не било донесено Решение за распоредување.
При инспекцискиот надзор бил составен Записник /// од /// година во кој било утврдено дека конкретната постапка, којашто била ставена во мирување поради распишани локални избори, не била продолжена и покрај тоа што од денот на објавување на Заклучок за завршување на Локалните избори 2025 година, за Избор на членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје бр./// од /// година бил поминат подолг период. Оттаму, во Записникот било констатирано дека со таквото постапување била сторена повреда на одредбите од членот 46 став 1 од Законот за административните службеници, за што управниот инспектор констатирал дека ќе бидат преземени инспекциски дејствија согласно законските овластувања.
Во периодот на траење на законскиот рок за донесување на решение со изрекување на инспекциска мерка за отстранување на утврдените недостатоци, на ден /// година до Државниот управен инспекторат било доставено Известување бр./// од /// година од раководителот на Секторот за човечки ресурси при /// – дека Советот на /// на седницата одржана истиот ден не донел одлука за обезбедување финансиски средства за вработување во /// за 2026 година и дека по прием на Известувањето од страна на градоначалникот било донесено Решение бр./// од /// година со кое кандидатот /// не се вработува на работното место /// и со кое постапката по јавниот оглас број /// се запира. За оваа фактичка состојба бил составен Записник /// од /// година во кој било констатирано дека од страна на градоначалникот на /// во текот на инспекциската постапка биле отстранети недостатоците, поради што инспекциската постапка се запира.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите изнесени од страна на подносителот на пријавата по која е оформен предметот биле земени предвид при инспекцискиот надзор на Државниот управен инспекторат којшто утврдил неправилности за кои не биле преземени мерки поради промена на околностите на фактичката состојба во текот на периодот на траење на законскиот рок за донесување на решение со изрекување на инспекциска мерка за отстранување на утврдените недостатоци.

Оттаму, ДКСК констатираше дека во врска со предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Државниот управен инспекторат.

Од друга страна, подносителот на пријавата има на располагање други правни средства за заштита на неговото индивидуално право.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија • ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА • Скопје • KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT • Shkup • Republika e Maqedonisë së Veriut •

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата